**20240581380**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 7 март 2024 година.

Бр. 08-875/1
7 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21 и 215/21), во членот 25 став (1) по зборовите: „Министерство за труд и социјална политика“ се додаваат зборовите: „Министерството за одбрана, Министерството за финансии“, а по зборовите: „градот Скопје“ се додаваат зборовите: „и други државни институции и органи“.

Член 2

Во членот 29 став (2) по зборот „опозиција“ се додаваат зборовите: „во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето“.

Член 3

По членот 30 се додава нов наслов и нов член 30-а, кој гласи:

### „8.2.1 Центар за континуирана едукација за избори

„Член 30-а

(1) Државната изборна комисија формира Центар за континуирана едукација за избори (во натамошниот текст: ЦКЕИ) како посебна организациска единица во службата на Државната изборна комисија.

(2) ЦКЕИ обезбедува континуирана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборниот процес, овластените претставници на подносителите на листи, медиумите, набљудувачите на изборите и сите заинтересирани кои на каков било начин имаат учество во изборите.

(3) ЦКЕИ изработува истражувања и анализи за потребите и по барање на Државната изборна комисија.

(4) Со ЦКЕИ раководи државен советник на ниво Б1, кој е одговорен пред Државната изборна комисија и пред генералниот секретар на ДИК.

(5) Државниот советник кој раководи со ЦКЕИ, покрај надлежностите предвидени во актот за систематизација:

1. обезбедува целокупна политика и насока на работење на ЦКЕИ во рамките на надлежностите на ДИК и одредбите од овој законик;
2. обезбедува изготвување на стратешките и годишните оперативни планови на ЦКЕИ;
3. го организира, насочува и координира спроведувањето на работните планови на ЦКЕИ во координација со Државната изборна комисија и
4. врши и други работи.“.

Член 4

Во членот 31 став (2) по точката 6) се додава нова точка 6-а), која гласи:

„6-а) преку ЦКЕИ обезбедува континуирана обука за изборната администрација, гласачите, учесниците во изборниот процес, овластените претставници на подносителите на листи, медиумите, набљудувачите на изборите и за сите заинтересирани кои на каков било начин имаат учество во изборите;“.

Точката 28-г се менува и гласи:

„го објавува Избирачкиот список на својата веб-страница со податоци за име и презиме на избирачите;“.

По точката 43-б се додаваат две нови точки 43-в) и 43-г), кои гласат:

„43-в) по потреба формира постојани или повремени стручни работни групи, составени од надворешни експерти со конкретни овластувања за време на изборен процес и за редовно работење за потребите на ДИК, за што со посебен акт определува надоместок;

43-г) за потреби за изборите може да ангажира изборна администрација и обучувачи надвор од изборен процес, за што институциите каде што се вработени овие лица се должни да ги ослободат од работни обврски;“.

Член 5

Во членот 32 по став (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За потребите на изборниот процес органот на државната управа од ставот (1) на овој член квартално ја ажурира базата за вработените во државната и во општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје, како и јавната администрација, систематизирани по општини, според адресата на местото на живеење.“.

Член 6

Во член 35 во ставот (3) зборовите: „Законот за државните службеници“ се заменуваат со зборот „закон“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Општинската изборна комисија со цел и за потребите за спроведување на претстојни избори може да биде ангажирана од страна на Државната изборна комисија и пред распишување на изборите.“.

Член 7

Во членот 37 став (2) точката 5) се менува и гласи:

„обезбедува организациска и техничка поддршка на ЦКЕИ при спроведувањето на обуките за членовите на избирачките одбори;“.

По точката 5) се додава нова точка 5-а), која гласи:

„5-а) задолжително учествува на обуките организирани и спроведувани од ЦКЕИ;“.

Член 8

Во член 38 во ставот (4) по зборовите: „високо образование“ се додават зборовите: „по можност едниот од нив да е дипломиран правник“.

Член 9

Во член 39 во ставот (4) зборовите: „Законот за државните службеници и Законот за работните односи“ се заменуваат со зборот „закон“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Избирачкиот одбор со цел и за потребите за спроведување претстојни избори може да биде ангажиран од страна на Државната изборна комисија и пред распишување на изборите.“.

Член 10

Во членот 40 став (2) по точката 6) се додава нова точка 7), која гласи:

„7) задолжително учествува на обуките организирани и спроведувани од ЦКЕИ.“.

Член 11

Во член 41 ставот (4) се менува и гласи:

„Во Избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот заклучно со денот на изборите, согласно со актот за распишување на изборите, кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија.“.

Ставот (5) се брише.

Во ставот (6), кој станува став (5) зборовите: „и со важечка патна исправа“ се бришат.

Ставовите (7), (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11).

Член 12

Во членот 43 став (1) се додава нова алинеја 1, која гласи:

„- со наполнети 18 години живот заклучно со денот на изборите, кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија“.

Член 13

Во член 45 во ставот (2) пред зборовите: „посебен бар код“ се додаваат зборовите: „по потреба“.

Член 14

Во член 45-а во ставот (1) зборот „Избирачкиот“ се заменува со зборовите: „електронскиот Избирачки“, а зборот „десет“ се заменува со зборот „30“.

Член 15

Во член 52 зборовите: „отпечатен во вид на изводи,“ се бришат.

Член 16

Во членот 55 став (2) зборовите: „при учество на избори“ се заменуваат со зборовите: „за изборната единица, односно општината во која учествуваат на избори“, а по зборовите: „на овој законик“ се додаваат зборовите: „освен лична фотографија и отпечаток од прст“.

Член 17

Во член 61 во ставот (1) бројот „1.000“ се заменува со „1%“.

Член 18

Членот 62 се менува и гласи:

„Кога подносител на листа на кандидати за членови на Совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи, е потребно да се соберат најмалку 1% потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за општината, односно Градот Скопје.“.

Член 19

Во членот 69-а по ставот (2) се додаваaат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Од моментот на потврдување на кандидатските листи до започнување на изборната кампања за активностите од ставот (1) на овој член учесникот во изборната кампања не смее да троши средства од трансакциската сметка наменета за изборна кампања.

(4) Од моментот на потврдување на кандидатските листи до започнување на изборната кампања, учесниците во изборите имаат право да организираат по еден јавен настан за промоција на нивните потврдени листи на кандидати и изборните програми.“.

Во ставот (3), кој станува став (5) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2), (3) и (4)“.

Ставот (4) станува став (6).

Во ставот (5), кој станува став (7) зборовите: „од ставот 1 на овој член“ се бришат.

Ставот (6) станува став (8).

Член 20

Во членот 74 став (2) точката на крајот од ставот се брише и се додаваат зборовите: „и истиот има право усно да се произнесе.“.

Член 21

Во членот 75 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Јавниот радиодифузен сервис, како и телевизиите на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, телевизиите на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите кои емитуваат преку сателит коишто ќе објавуваат платено политичко рекламирање имаат обврска:

- да ги објавуваат содржините поврзани со изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност и тоа задолжително најмалку едно издание на вести и една содржина во периодот 3 согласно со членот 75-ѓ став (9) од овој законик,

- пред почетокот на изборната кампања да ја известат Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост.

(5) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги податоците за достапните медиумски содржини за лицата со попреченост ќе ги објави на својата веб- страница.“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (6) и (7).

Член 22

Во членот 76-д став (5) по зборот „општината“ се додаваат зборовите: „и Градот Скопје“.

Член 23

Во член 78-а ставот (3) се менува и гласи:

„Општините, Градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди на своите веб-страници и податоците да ги доставaт до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупција, заедно со испечатен извадок од објавата. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните пет изминати изборни циклуси. Податоците за локациите, видот, карактеристиките и цените на рекламните паноа и билборди се доставуваат на образец, кој на предлог од Државниот завод за ревизија и од Државната комисија за спречување на корупција, го пропишува Министерството за правда.“.

Член 24

Во членот 83 по став (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Исто правно лице или исто физичко лице доколку донира средства на жиро-сметка на политичка партија и на трансакциска сметка за изборна кампања на учесникот во изборна кампања, износот на средствата кумулативно на трансакциската сметка за изборна кампања не смее да биде поголем од 3.000 евра во денарска противвредност за физичко лице или 30.000 евра во денарска противвредност за правно лице.“.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат (4), (5) и (6).

Член 25

Членот 84-б се менува и гласи:

„(1) Учесникот во изборната кампања, кога изборите се одржуваат во еден круг, е должен на 11-от ден од изборната кампања, како и во рок од еден ден по завршувањето на кампањата да поднесе извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања.

(2) Доколку на изборите се одржува втор круг на гласање учесникот во изборната кампања е должен еден ден пред одржувањето на вториот круг на гласање да достави извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања.

(3) Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по затворањето на трансакциската сметка за изборна кампања да достави извештај со образец за примените донации за периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворање на трансакциската сметка за изборна кампања, доколку изборите се одржат во еден круг и еден ден по завршувањето на кампањата до затворање на трансакциската сметка за изборна кампања од вториот круг, доколку изборите се одржуваат во два круга.

(4) Извештаите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии, во кој се содржани податоците за име, односно назив на донаторот, вид и вредност на донациите и датумот на добивањето на донациите.

(5) Составен дел од образецот на ставот (4) на овој член е упатството за пополнување на образецот.

(6) Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупција, кои се должни да ги објават на своите веб-страници.

(7) Извештаите кои политичките субјекти ги доставуваат согласно со ставот (6) на овој член се должни да ги објават и на своите веб-страници.“.

Член 26

Во членот 85 став (1) зборовите: „30 дена“ се заменуваат со зборовите: „15 дена“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Финансискиот извештај за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии, во кој се содржани податоците за име, односно назив на донатор, вид и вредност на донации, датум на добивање на донациите и расходите за секоја донација, како приходи и расходи за време на изборна кампања и податоци за донации примени од трето лице.“.

Во ставот (3) зборовите: „и Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до Советот на општината и Советот на Град Скопје“, се бришат.

Член 27

Член 87 се брише.

Член 28

Во член 108-а во ставот (3) по зборовите: „патна исправа“ се додаваат зборовите: „освен доколку важноста на личните документи истекла во периодот од распишување до одржување на изборите“.

Член 29

Во член 108-б во ставот (1) на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „како и во случаите од членот 108-а став (10) од овој законик.“.

Во ставот (2) зборовите: „согласно со ставот (1) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „кога техничката опрема од членот 108-а од овој закон технички е неупотреблива и не може да се замени“.

Во ставот (3) бројот „(1)“ се заменува со бројот „(2)“.

Член 30

Во член 116 во ставот (1) на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „и други податоци согласно со овој законик“.

Член 31

По членот 132 се додава нов член 132-а, кој гласи:

„Член 132-а

Повторените избори од членот 132 став (2) за соодветната општина се одржуваат во рок најдоцна 60 дена по објавување на конечните резултати, при што нема да се применува условот предвиден во членот 132 став (1) од овој законик што се однесува на излезноста од една третина од вкупниот број избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список за соодветната општина.“.

Член 32

Во членот 148 ставот (5) се менува и гласи:

„Против одлуката на Државната изборна комисија подносителот на приговорот може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението, а Управниот суд одлучува во рок од 48 часа по приемот на тужбата.“.

Во став (6) зборот „Уставниот“ се заменува со зборот „Управниот“.

Член 33

Во член 149-а во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „„а Управниот суд е должен да одлучи во рок од 24 часа по приемот на тужбата.“.

Член 34

Во членот 150 став (1) по зборот „јавноста“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Државната изборна комисија“.

Во ставот (1) по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Во случај на отворање на изборниот материјал во постапката по тужба истиот задолжително се отвора, разгледува и затвора на самата јавна седница.“.

Член 35

По членот 173 се додава нов член 173-а, кој гласи:

„Член 173-а

За условите за пристапност за сите категории на лица со попреченост до објектите каде што се наоѓаат гласачките места се грижат соодветните институции и органи во чија сопственост се објектите.“.

Член 36

Во член 179-б во став (2) зборовите: „став (4)“ се заменуваат со зборовите: „став (6)“.

Член 37

Во член 181-а став (1) алинеја 3 зборовите: „став (4)“ се заменуваат со зборовите: „став (6)“.

Во алинеја 4 зборовите: „став (5)“ се заменуваат со зборовите: „став (7)“.

Член 38

За изборите што ќе се одржат во 2024 година избирачите ќе може да гласаат со лична карта или со патна исправа чијашто важност истекла во периодот од девет месеци до денот на одржување на изборите.

Член 39

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.